3397

PRES-SERVIS

— NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA
NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION
OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 642
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-884
Current Account with
Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting ВЕЧЕР
Скопје

- 3. VI. 1967

Културен разгледник

## Разговор со загрепскиот скулптор Бранко Ружиќ

# СРЕДБАТА ВО НЕРЕЗИ БЕШЕ ПРЕСУДНА

● „МАКЕДОНСКИОТ СКУЛПТОР ПЕТАР ХАЏИ—БОШКОВ Е ЕДЕН ОД НАЈДОБРИТЕ ВО ЕВРОПА" — НИ ИЗЈАВИ ВО РАЗГОВОРОТ БРАНКО РУЖИЌ

**Во изложбениот салон на Музејот на современата уметност во Скопје деновиве е отворена самостојна изложба на познатиот загрепски скулптор Бранко Ружиќ.**

**На отворањето на изложбата присуствуваше и уметникот и ние ја искористивме неговата посета за да му поставиме неколку прашања во врска со неговата самостојна изложба во Скопје.**

*— Дали досега сте излагале во Скопје?*

**— Ова е моја прва самостојна изложба во главниот град на Македонија. Јас уште одамна имав желба да излагам пред скопската ликовна публика, но ете мојата желба се оствари дури деновиве, благодарение на големото внимание што ми беше укажано од страна на Музејот на современата уметност во Скопје.**

*— Дали и за првпат престојувате во Скопје?*

**— Не. Во Скопје сум веќе по трет пат. Последен пат бев во 1950 година. Всушност таа посета на Скопје за мојот понатамошен развој како уметник имаше големо значение.** Имено, кога тогаш го посетив Скопје, некои од моите пријатели ме нагово рија да одам да го посетам манастирот „Свети Пантелејмон" во Нерези и да ги разгледам фреските што датираат од 12-ти век. И **исто така има значајна улога во моето творештво.**

— Навистина е малку чудно што јас како скулптор сум се повлијаел од сликарството. Но тоа доаѓа оттаму што за мене најважен елемент при уметничкото креирање се состои во тоа што на овој план примарност има способноста на уметникот да знае како треба да го изрази тоа што го чувствува без оглед на тоа преку што и со што ќе го изрази. Оттука сите големи уметници во сите области, подеднакво се големи.

*— Кажете ни нешто за современата македонска скулптура?*

**— Кога станува збор за македонските скулптори тогаш можам да нагласам дека двајца од нив, барем по мое мислење, се од европска класа. Тоа се Петар Хаџи Бошков и Боро Митриќески. Особено Петар Хаџи-Бошков со своите креации го има дадено најелегантното што јас сум имал можност да го видам во областа на склуптурата — ни рече на крајот од разговорот скулпторот Бранко Ружиќ.**

Бранко Ружиќ досега има приредено над 10 самостојни изложби во земјата и странство, а на групни изложби е застапува[н] скоро во сите ликовни це[н]три во светот.

**Најголем успех постиг[на] во 1964 година кога в[о] 32-то меѓународно биенал[е] во Венеција стана добитник на втора награда з[а] скулптура.**

**Т. В[...]**



БРАНКО РУЖИЌ: „ОСУДЕНИ" — ДРВО